**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,56 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Пратениците Стојан Андов, Тито Петковски, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Андреј Жерновски, Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Јован Манасијевски, Ѓорѓи Оровчанец, Али Ахмети, Надица Танчева Тулиева, Владимир Ѓорчев, Зоран Петрески, Фијат Цаноски, Љубисав Иванов Ѕинго, Оливер Дерковски, Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од Петтата седница на Собранието ви е доставен.

Дали има некои забелешки на записникот? (Нема)

Констатирам дека Записникот од Петтата седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе одлука за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Предлогот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста оваа одлука да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за култура, повелете.

**Елизабета Канческа-Милевска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници,

На кратко ќе дадам кратко експозе во однос на итноста на донесувањето на оваа Предлог-одлука .

Тодор Проевски е личност кој со своето постоење остави неизбришлива трага во Република Македонија. Своите извонредни музички способности и квалитети, покрај во државата, широко ги пласираше и надвор од Република Македонија, што придонесе за широка афирмација на македонската музика надвор од границите на државата, а даде особен придонес во реафирмирање, негување и популаризирање на македонскиот фолклор. Во сите свои јавни настапи ја искажуваше љубовта и почитта кон Република Македонија.

Во 2004 година е именуван за амбасадор на добрата волја на УНИЦЕФ. Со својата хуманост, што претставуваше најважен сегмент од неговиот живот, придонесе за афирмација и почитување на хуманизмот и општоцивилизациските вредности во Република Македонија. Неговата хуманости добротворството, што ги правеше, се пример и порака за сите генерации во Република Македонија.

Владата на Република Македонија постхумно го прогласи Тодор Проески за почесен граѓанин на Република Македонија.

Министерството за култура, имајќи ги предвид значењето на делата и личноста на Тодор Проески, неговите универзални вредности и неговиот придонес во афирмацијата примената и почитувањето на начелата на хуманизмот и општоцивилизациските вредности во Република Македонија, преку Владата на Република Македонија, достави Иницијатива до Собранието на Република Македонија за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 13 март 2008 година ја прифати Иницијативата за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево и ја задолжи Владата на Република Македонија да подготви и да достави до Собранието на Република Македонија Предлог на одлука за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево.

Согласно член 8 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја, за секој меморијален споменик Собранието на Република Македонија донесува одлука за подигање на меморијален споменик.

Во Предлог-одлуката за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево се содржани сите битни елементи што, согласно Законот за меморијални споменици и спомен обележја, е потребно да ги содржи одлука за подигање на меморијален споменик и тоа: одговорно тело за реализација на Иницијативата за подигање на меморијален споменик, правно лице што ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на меморијалниот споменик, извори на средства за средствата за реализација на Иницијативата и чување на меморијалниот споменик, видот и соджината на меморијалниот споменик, место каде ќе се подигне меморијалниот споменик, рок за подигање на меморијалниот споменик и сл.

Со подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево Република Македонија на достинствен начин ќе го одбележи споменот и ќе одаде почит и признание на ликот и делото, а особено на хуманата мисија на Тодор Проески. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата оваа одлука да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлози за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија; Предлог за избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија; Предлози за избор на членови на Советот на јавни обвинители на Република Македонија; Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија; Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците; Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Св. Климент Охридски”; Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври”; Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тереза”; Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџи Василев Јасмин”; Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа; Предлог на одлука за утврдување составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија; Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива; Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација; Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен партнер; Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегациајта на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот; Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегациајта на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2008 година, утврди предлози на кандидати за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија, за избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија, за избор на членови на Совет на јавни обвнители на Република Македонија, Предлог одлука за избор на претрседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, Предлог-одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, како и одлуки за разрешување и именување на претседател и членови на одбори за додеклување на државни награди и одлуки за утврдување на состави на делегации за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија.

Обемноста на работата на Собранието на Република Македонија при остварувањето на неговата надлежност ја наметнува потребата од избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија, поради што се предвидени одредби во Деловникот за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Поради ова сметам дека е поребно Собранието на Република Македонија, на оваа седница да ги разгледа предлозите за избор на потпретседатели на Собранието, што ви се доставени за оваа седница.

Изборот на судија на Уставниот суд на Република Македонија е повеќе од итен, со оглед на тоа што испразнетото место во Судот е долг временски период, а за што неколку пати Собранието беше известено и информирано од страна на Уставниот суд.

Изборот на членови на Советот за јавни обвинители исто така се наметнува поради потребата, што поскоро комплетирање на овој совет, согласно Законот за Советот на јавни обвнинители на Република Македонија. Особено треба да се има предвид дека се поминати законските рокови за избор на членовите на Советот кои ги избира Собранието на Република Македонија, поради што Собранието не смее да си дозволи дополнително пролонгирање на нивниот избор.

Предлогот за избор на составот на работните тела предлагам Собранието да го разгледа на оваа седница поради значењето на работните тела во остварувањето на надлежностите на Собранието, особено при разгледувањето на предлозите на законите и на другите акти, како и други документи од надлежност на Собранието. Секако треба да се има предвид и новиот Деловник на Собранието, во која е нагласена улогата на работните тела во законодавно-правната постапка.

Поребата од избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците се наметнува поради рокот предвиден во членот 2 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. Имено, во оваа одредба е предвидено дека Собранието го основа Комитетот во рок од 60 дена од денот на конституирање на Собранието на Република Македонија.

Предлагам составот на одборите за доделување на државни награди, што ви се предложени во четири точки, Собранието да ги разгледа поради тиа што постапката за доделување на државна награда, која мора да отпочне на време за да може да се додели наградата. Имено станува збор за објавување на конкурс, доставување пријави, нивно разгледување, одлучување и друго, за што мора составот на одборите д се состави што поскоро.

Изборот на составот на членовите на делегациите на Собранието на Република Македонија за неѓународна соработка, исто така е итен поради потребата од остварување на оваа соработка. Придонесот на делегациите во меѓународните организации е од особено значење, особено во овој момент во кој се наоѓа Република Македонија.

Ви благодарам господине претседател.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата предлозите за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија да се разгледаат на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот за избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлозите за избор на членови на Советот на јавни обвинители на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Св. Климент Охридски" да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "11 Октомври" да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и

членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тереза” да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџи Василев Јасмин” да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен партнер да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегациајта на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Илија Димовски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за објавување јавен конкрус за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Предлогот ви е поделен.

Го молам предлагачот да ја образложи итната и неодложна потреба Предлог на одлуката да биде разгледана на оваа седница.

Има збор пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Предлагам Собранието на Република Македонија на оваа седница да ја разгледа Предлог на одлуката за објавување на јавен конкурс за избор на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со оглед на тоа што Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 30 јули 2008 година не утврди Предлог одлука за избор на претседател и членови на оваа комисија, а роковите се доста тесни. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратеникот Илија Домовски, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Илија Димовски е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за ратификација на препораката на Советот на царинската соработка во врска со измените на Комисијата со која се основа Советот за царинска соработка и Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи.

Предлозите на законите ви е поделен.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи и двата предлози, а гласањето ќе се врши за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор господинот Антонијо Милошоски министер за надворешни работи, повелете.

**Антонијо Милошоски:** Благодарам претседателе.

Во однос на препораката и Законот за ратификација на препораката на Советот за царинска соработка би сакал накратко само да образложам дека потребата е неодложна за примена на веќе овие превземени меѓународни обврски, а со оваа ратификација се создаваат услови за влегување на сила на препораката на Советот за царинска соработка во врска со измените на конвенцијата. Затоа предлагаме Предлогот на законот да се донесе по итна постапка согласно членот 175 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Во однос на втората точка, измените во Законот за надворешни работи кој е донесен во март 2006 година, а стапил на сила од 1 јануари 2007 година увидени се многу недоследности кои го прават понеефикасно функционирањето на институциите кои се занимаваат со областа надворешни работи, пред се Министерството за надворешни работи, но и другите институции. Со оглед на овој факт ние со овој закон предлагаме допрецизирање, појаснување на одредени прашања од Законот за надворешни работи кои во досегашната негова практична примена создаде определени проблеми при остварувањето и реализирањето на одредени прашања од областа на надворешната политика, надворешните работи и функционирањето на македонската дипломатија. Затоа предлагаме Законот да се донесе по итна постапка согласно членот 175 од Деловникот на Собранието на Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за ратификација на препораката на Советот на царинската соработка во врска со измените на Комисијата со која се основа Советот за царинска соработка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденција во областа на трудот; Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување, осигурување во случај на невработеност; Законот за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања и Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата на пензиско инвалидско осигурување.

Предлозите на законите ви е доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе се врши за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Во врска со точка 5, Владата на Република Македонија усвои проект за воспоставување и функционирање на електронскиот систем за пријава и одјава на работници.

За спроведување на овој проект извршени се промени во Законот за работни односи и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Заради усогласување со овие

закони се предлагаат измени во Законот за евиденција во областа на трудот, член 1 и член 2 од Предлогот на законот. Со останатите одредби од законот се врши усогласување со новиот Закон за прекршоци.

По однос на точка 6, во врска со подготовката на Ивештајот за напредокот на Република Македонија во процесот на интеграција на Македонија во Европската унија, Министерството за правда ја утврди состојбата за усогласување на законите со Законот за прекршоци.

Владата на Република Македонија ги задолжи надлежните органи да подготват и да достават предлози за измена и дополнување на законите. За таа цел се предлагаат измени и во овој закон, во делот на казнени одредби кој значат усогласување со Законот за прекршоци.

По однос на точка 7, со предложениот закон се вршат измени во делот на казнените одредби од законот кои значат усогласување со Законот за прекршоци.

По однос на точка 8, матичната евиденција во системот на ПИОМ е воведена со цел да се обезбедат потребни податоци за осигурениците кои ќе се користат за остварување на правата од ПИОМ.

Во областа на матичната евиденција на осигурениците и корисниците на правата од ПИОМ уредено е на единствен начин со Законот за матична евиденција на осигурениците и користниците на правото од ПИОМ.

Предложените измени и дополнувања имаат за цел создавање на правна основа за имплементација на електронскиот систем за пријавување и одјавување на корисниците. Овој систем ќе овозможи модернизација на целокупната постапка за пријавување и одјавување, што е во согласност со процесот на регулаторна гилотина.

Со цел ефикасност во постапката за утврдување на податоци во матичната евиденција се предлага скратување на роковите во постапката и донесување на решенија за податоци утврдени во матичната евиденција и скратување на роковите за вршење на исправка на податоците утврдени во матичната евиденција.

Исто така, со овие измени се врши усогласување со Законот на матичната евиденција на осигурениците и корисниците на правата од ПИОМ, со новиот закон за прекршоци.

Од тие причини предлагам Собранието да ги усвои овие закони.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденција во областа на трудот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата на пензиско инвалидско осигурување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Неџати Јакупи:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете да ви наведам неколку причини за донесување на предлогот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад.

Донесувањето на овој Закон по итна постапка е неоходно заради спречување и отстранување на состојбата која постои со кражби и нелегална трговија со отпад како и трговија со метални производи и материјали кои се од витална важност на сигурноста на јавниот сообраќај или објекти на јавни инсталации и нивното нормално функционирање што како резултат се јавува нарушување на пазарот за трговија со метални производи.

Од оваа причина Министерството за животна средина и просторно планирање пристапи кон измени и дополнување на Законот за управување со отпад со кој се воведува посебна глава 12-а

кривични дела при трговија со отпад. Во оваа глава се воведуваат две кривични дела со кои ќе се делува дестимулативно во вршењето на ваков вид на трговија.

Имено, се воведува кривично дело вршење на недозволена трговија со неопасен отпад за кое е предвидено казна затвор од 3 до 5 години и кривично дело вршење на откуп на производи и материјали што се во општа употреба за кое е предвидено казна затвор од 3 до 10 години. Доколку во вршењето на овие кривични дела е вклучена организирана група составена повеќе од три лица, најмалата казна затвор што може да биде определена од судот е 4 години. Останатите измени во законот се со цел усогласување со поведување на нови кривични дела како и допрецизирање на правилата кои ќе ги применуваат правните лица кои ќе имаат дозвола со трговија со отпад. Имено, со измените се зајакнува нивната одговорност во однос на оценката на потеклото на отпадот кој им е понуден. Согласно со ова сметам дека се исполнети условите од членот 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и се предлага донесување на овој закон по итна постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата да се донесе по итна постапка Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за даноците на имот и Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија, инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра.

Предлозите на законот ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе се врши за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Регистрирањето и прометот со недвижности е многу важна функција во секоја пазарна економија.

Со сегашните решенија рокот за издавање на решенија за данокот од страна на градоначалниците, градоначалникот на Градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје изнесува 30 дена. Владата предлага овој рок да се скрати на 15 дена со цел да се забрза процесот на регистрација на имотот и ова е во функција на подобрување на деловната клима во Република Македонија.

За вториот предлог за донесување на закон по итна постапка на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија, инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра, сакам да го кажам следново:

Овој кредит е за администрирање при Централната банка на Република Македонија, Народна Банка на Република Македонија во таканаречената апекс единица. Постојат неискористени средства и можност тие средства да се искористат додавајќи ги кон земјоделскиот кредитен дисконтен фонд за земјоделски кредити. Замјоделскиот кредитен дисконтен фонд неговата активност е добро примена од страна на Секторот за земјоделие особено од страна на инвидуалните земјоделци и дополнителните средства кои ќе се стават на располагање, во овој момент ќе значат можност за зглемување на финансирање на земјоделието. Оттука се врши една мала измена која што бараме да биде направена по итна постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за даноците на имот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија, инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;

2. Предлог за избор на судија за Уставен суд на Република Македонија;

3. Предлог за избир на членови на Советот на јавни обвинители на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови, нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

5. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;

6. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;

7. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива;

8. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организиацconfigurацја;.

9. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен партнер;

10. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот;

11. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседател, членови и заемници членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

12. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа;

13. Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заениците;

14. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Св.Климент Охридски”;

15. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври”;

16. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тераза”;

17. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџи Василев Јасмин”;

18. Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки;

19. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан;

20. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировната операција во Авганистан;

21. Предлог на одлука за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево;

22. Предлог на закон за ратификација на Препораката на Советот за царинска соработка во врска со измените на Конвенцијата со која се основа Советот за царинска соработка;

23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи;

24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за евиденциите во областа на трудот;

25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработенсот;

26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања;

27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување;

28. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад;

29. Предлог на закон за изменување на Законот за даноците на имот;

30. Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за глобално-финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од Локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра;

31. Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни и инвестициони активности наменети за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија за 2008 година;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 70 пратеници, од нив за гласаа сите 70, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Предлози за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.**

Предлозите на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Македонија, ви се поделени.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието избира потпретседатели на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието.

Гласањето за избор на потпретседатели на Собранието се врши одделно за секој од предложените кандидати.

Отворма претрес по предлогот Радис Алити да биде избран за потпретседател на Собранието.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по предлогот да се пријават за збор.

За збор се јави господин Димоски Илија, претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, повелете.

**Илија Димоски:** Благодарам претседателе,

Во име на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата, би сакал да дадам кратко образложение.

Пратеникот Рафис Алити е роден на 29.04.1959 година во село Радуша. Средно образование завршил во Скопје, а високо образование во Приштина. Во периодот од 2002 до 2006 година и од 2006 до 2008 година бил пратеник во Собранието на Република Македонија. Во периодот од 2004 до 2008 година координатор на пратеничката група на ДУИ. Во 2008 година повторно е избран за пратеник, а истовремено и потпретседател на ДУИ. Од овие причини Комисијата за прашања на изборите и именвуањата на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието господинот Рафис Алити да биде избран за потпретсеател на Собранието. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по предлогот е завршен.

Предлогот пратеникот Рафис Алити да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот пратеникот Рафис Алити да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија вкупно гласаа 69 пратеници, од нив гласаа сите 69, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека пратеникот Рафис Алити е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Светлана Јакимовска да биде избрана за потпретседател на Собранието.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по предлогот да се пријават за збор.

За збор се јави господин Димоски Илија претседател на Комисијата за прашања на изборите и именвуања, повелете.

**Илија Димоски:** Почитуван претседателе,

Пратеникот Светлана Јакимовска е дипломиран правник од Скопје. Родена е 1956 година во Скопје. Јакимовска има богато работно искуство како дипломиран правник. Со оглед на тоа што работела во повеќе организации и институции на раководни и одговорни должности, како што се помошник директор за правни работи во Агенцијата за вработување во Република Македонија и директор на Агенцијата. Во 2006 година е избрана за пратеник во Собранието на Република Македонија, а во мандатниот период 2006-2008 година била претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, заменик претседател на Законодавно-правната комисија, член на Комисијата за труд и социјална политика и заменик член на Комисијата за здравство. Во 2008 година повторно е избрана за пратеник во Собранието на Република Македонија. Членува и во Советот за заштита на потрошувачите во општина Кисела Вода. Госпоѓата Светлана Јакимовска е добитник и на благодарница за особено залагање и личен придонес во партнерството за стопански развој на Република Македонија во проектот за примена и интегрираниот модел на Министерството за труд на САД со подршка на УСАИД и за придонес на развојот и унапредувањето на Службата за вработување во Куманово по повод 50 години од нејзиното постоење. Поради овие повеќе причини Комисијата за прашања на изборите и именувањата одлучи да му предложи на Собранието госпоѓа Светлана Јакимовска да биде избрана за потпретседател на Собранието. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по предлогот е завршен.

Предлогот пратеникот Светлана Јакимовска да биде избрана за потпретседател на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот пратеникот Светлана Јакимовска да биде избрана за потпретседател на Собранието на Република Македонија, вкупно гласаа 70 пратеници, од нив гласаа сите 70 пратеници за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека пратеникот Светлана Јакимовска е избрана за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Дам и и господа пратеници, почитувани гости дозволете ми во ваше и мое име на Рафис Алити и Светлана Јакимовска да им го честитам изборот за потпретседатели на Собранието на Република Македонија и да им посакам успех во работата.

(Аплауз)

Ги молам потпретседателите на Собранието да дадат свечена изјава.

Ги молам потпретседателите на Собранието да го повторуваат по мене текстот на свечената изјава.

Ве молам сите да станеме.

Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија.

Ги молам потпретседателите на Собранието да ја потпишат свечената изјава.

(Потпретседателите на Собранието ја потпишуваат свечената изјава).

**Минуваме на точка 2 - Предлог за избор на судија на Уставен суд на Република Македонија.**

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Ви е поделен.

Ве известувам дека согласно точка 1 од Амандманот 15 на Уставот на Република Македонија предложениот кандидат се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Исмаил Дарлишта да биде избран за судија на Уставен суд на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците кои скаат да говорат по предлогот, да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по предлогот е завршен.

Ве потсетувам дека судијата на Уставен суд се бира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам на гласање, господин Сафет Незири има процедурално, повелете.

**Сафет Незири:** Господине претседателе, ако има можност од 15 минути пауза.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека е побарано од замeникот координатор на пратеничката група од ДУИ, 15 минути пауза, ја прекинувам седницата, а продолжуваме во 13,15 часот.

(По паузата седницата почна во 13,32 часот)

**Трајко Вељаноски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Молам службите уште еднаш да утврдат точен број на присутни пратеници во салата, бидејќи одреден број пратеници сега влегоа во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, за да преминеме на гласање.

Со оглед на тоа дека во салата се присутни 64 пратеници, може да се гласа по Предлогот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, 65 гласаа за, воздржан еден, против нема.

Ги молам пратениците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот.

Ве повикувма да гласаме.

Со оглед на тоа што службите ме известија дека е блокиран системот, гласањето на пратениците што не се мнозинство во Република Македонија да се изврши со кревање на рака.

Ги молам пратениците што не се мнозинство во Република Македонија да се изјаснат по Предлогот.

Кој е за молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Кој е против? (никој)

Кој е воздржан?(никој)

Од вкупно 38 пратеници, кои се изјасниле дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, гласале 23 пратеници.

Сите 23 пратеници гласале за. Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Исмаил Дарлишта е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

На господинот Исмаил Дарлишта му го честитам изборот за судија на Уставниот суд на Република Македонија и посакувам успех во работата.

Го молам судијата на Уставниот суд на Република Македонија да даде свечена изјава.

Го молам судијата на Уставниот суд на Република Македонија да го повторува текстот на свечената изјава.

Ве молам сите да станете.

(Судијата ја дава свечената изјава)

“Изјавувам дека функцијата судија на Уставен суд на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија “.

Го молам судијата на Уставниот на Република Македонија да ја потпише свечената изјава.

(Судијата ја потпишува свечената изјава)

Со оглед на тоа дека завршивме со давањето на свечената изјава, пратеничката Благородна Дулиќ, бара процедурално, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Користам прилика да му честитам на колегата Исмаил избор за судија на Уставниот суд на Република Македонија, меѓутоа констатирам дека подолго време во овој суд недостигаат уште двајца судии, кои што според Уставот треба да ги предложи претседателот на Републиката, господнинот Бранко Црвенковски.

Ја следев вашата преписка, вашиот повик, тоа да го направи, да го направи предлогот, неговиот одговор и одговор на одговорот, меѓутоа, сметам дека со вакви преписки, а да не се постигне целта, правиме голема штета за Република Македонија.

Во одговорот на господинот Црвенковски се укажува дека се додека опозициските партии не дојдат во Собранието, дека тој нема намера да става предлог за избор на судија на Уставниот суд, меѓутоа би потсетила, во периодот од 2004 до 2008 година, овој Парламент беше без опозиција, а во тоа време господинот Црвенковски беше претседател на Владата на Република Македонија.

Во тој период се изврши целосен избор на сите судии во Република Македонија, почнувајќи од Врховниот суд на Република Македонија, Апелационите судови иситe Основни судови во Република Македонија.

Над 400-тини судии беа избрани без опозиција. Во ситуација кога сегашнотопарламентарано мнозинство повеќе од две третини од сегашниот парламетарен состав, што значи дека парламентарниот состав е квалификуван да ги носи највисоките функции во Република Македонија, вклучувајќи го и Уставот на Република Македонија , сметам дека ова нешто треба да им биде јасно и на советниците на претседателот на Република Македонија, кои што мислам дека треба на претседателот да му укажат дека ова Собраниен е навистина квалификувано да ги избере и тие двајца судии во Уставниот суд на Република Македонија кој што треба да ги предложи токму тој.

Укажувам и на тоа дека институциите на сиостемот треба да бидат комплетирни и секој кој го бојкотира тоа прави лошо и работи против Република Македонија.

Од тие причини сметам дека треба да се заложите уште еднаш да го повикате да си ја исполни својата уставна обврска. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Јас како претседател на Собранието можам точка на дневен ред ако имам предлог од овлестен предлагач.

Во конктретниот предлог од овластен предлагач има потпретседателот на Комисијата за прашањата за избори и именувања и затоа ја ставив оваа точка на дневен ред за избор на судија на Уставен суд, што е согласно со Уставот.

Господинот Бранко Црвенковски е должен да предложи двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија, а знаете и во јавноста имавте дека од негова страна одбива тоа да го предложи.

Сакам да ве информирам и вас пратениците дека претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, од господинот Трендафил Ивановски имав допис од 17-ти јули, со кој што буквално моли и вели дека треба да се докоплетира Уставниот суд на Република Македонија.

При тоа укажува дека не гледа никаква оправданост или пречка решавањето на ова прашање да се одолговлекува.

Ист таков допис имаше и во јануари 2008 година кој што беше испратен до претседателот на Република Македонија.

Сакам да ве информирам исто така, со оглед на приоритетите кои што треба да направи Република Македонија, а тоа е докоплетирање на Уставниот суд на Република Македонија, докоплетирање на Советот на јавни обвинители, по оствареaта средба со господинот Фуере, јас ветив дека ќе се заложам до овластените предлагачи да испратам допис што побрзо да ми доставaт предлози да ги ставам како точки на дневен ред на Собранието на Република Македонија. Тоа го направив на 10-ти јули и на 28-ми јули. Ги повикав овластените предлагачи, но за жал, знаете дека господинот претседател на Република Македонија, Бранко Црвенковски, го условува доставувањето на одредени предлози во Собранието на Република Македонија.

Јас повторно го замолив и повторно го замолувам јавно од оваа говорница да достави предлози како овластен предлгач и да ја исполни, како што вие укажувате уставната обврска, без оглед кој во пратеничките клупи седи,или не седи. Тоа е нагова уставна обврска како предлагач во временски рок да достави предлози.

Еве јас јавно го повикувам, штом ќе достави предлози, веднаш ќе свикам седница за да се комплетира Уставниот суд на Република Македонија, затоа што е многу битен орган, кој што одлучува за уставноста на законите кои што ние овде ги донесуваме. Багодарам.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 3 - Предлози за избор на членови на Советот на јавни обвинители на Република Македонија**

Предлозите за избор ви се поделени.

Отварам претрес по предлогот Никола Ивановски да биде избран за член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Никола Ивановски да биде избран за член на Советот за јавни обвинители на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Никола Ивановски е избран за член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

Отварам претрес предлогот Насер Ајдари да биде избран за член на Советот на јавни обинители на Република Македонија.

Го повикувам пратениците кои сакаат да говорат по предлогот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор констатиорам дека претресот е завршен.

Предлогот Насер Ајдари да биде избран за член на Советот за јавни обвинители на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Насер Ајдари е избран за член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

Отварам претрес предлогот Фаик Арслани да биде избран за член на Советот на јавни обинители на Република Македонија.

Го повикувам пратениците кои сакаат да говорат по предлогот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека претресот е завршен.

Предлогот Фаик Арслани да биде избран за член на Советот за јавни обвинители на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Фаик Арслани е избран за член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен**.**

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 5- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа.**

Предлог на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на организацијата за безбедност и соработка во Европа.

**Минуваме на 6 точка. - Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија.

**Минуваме на точката 7. - Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат до говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата).

Во салата има 58 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме полноважно да гласаме.

Со оглед на тоа што е веќе 14,00 часот, давам пауза до 15,00 часот, што значи ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,00 часот.

( По паузата седницата продолжи со работа во 15,25 часот)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Преминуваме на гласање, па затоа ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број во салата).

Во салата се присутни 51 пратеник.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги повикувам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Бидејќи во салата се присутни 62 пратеници, може полноважно да гласаме.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, сите 63 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива.

**Минуваме на точката 8.- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлог-одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација.

**Минуваме на точката 9.- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен партнер.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската Унија со статус на придружн асоцијативен партнер.

**Минуваме на точката 10.- Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлог одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлог одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Има збор господин Димовски Илија.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Јас сакав за оваа точка посебно да се јавам, да дадам едно кратко образложение.

Во Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците во членот 2 е утврдено дека Комитетот го основа Собранието на Република Македонија во рок од 60 дена од конституирањето на Собранието.

Во членот 3 од Законот е утврдено дека Собранието ги избира и разрешува членовите на Комитетот на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Сакам да потсетам на еден факт кој што веројатно ви е познат, меѓутоа вреди на ова место да се спомене дека јас како претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата упатив писмо врз база на претходен постигнат договор помеѓу пратеничките групи за партиципација врз база на пропорцијата на учество во Парламентот што го налага и Законот за Комитетот на односи меѓу заедниците. Такво писмо упатив до двете пратенички групи кои што во моментов не се присутни во Собранието во два наврати и не добив повратен одговор од ниту една од тие две пратенички групи. Меѓутоа, исполнети се сите уставни и законски предуслови за Комитетот да функционира успешно.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлог одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеника, сите 58 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во моментов има 61, претходно немаше доволен број на пратеници го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Св. Климент Охридски”.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеника, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Со салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Св. Климент Охридски”.

**Минуваме на точка 15 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври”.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеника, сите 54 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Со салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври”.

**Минуваме на точка 16 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тереза”.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тереза”.

**Минуваме на точка 17 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџи Василев Јасмин”.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеника, сите 58 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Со салата се присутни 60 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Го поништувам претходното гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеника, 58 гласаа за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџи Василев Јасмин “.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на одлука за објавување на јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласање.

Вкупно гласаа 61 пратеници, за гласаа сите 61, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за објавување на јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Минуваме на точка 19 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на**

**Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

За збор се јави господин Коњановски Зоран, министер за одбрана, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Потврдувајќи ја приврзаноста да даде свој придонес кон обврските на Република Македонија за преземање на одговорностите и надлежностите од членството во НАТО алијансата и евроатланстата безбедност и стабилност, Република Македонија со припадниците на вооружените сили на Сојузна Република Германија, Кралството Шветска и Кралството Норвешка со учество во мешовитиот оперативно-менторски тим и тим за врски во мисијата Исав во Авганистан ја продлабочува соработката и придонесот за понатамошна трансформација на Армијата на Република Македонија во развојот на способностите за придонес во хуманитарни и мировни операции предводени од НАТО. За таа цел се испраќаат двајца припадници на Армијата на Република Македонија еден офицер и еден подофицер за период од 6 месеци сметано од септември 2008 година. Согласно на тоа почитуван претседателе, согласно член 41 став 3 од Законот за одбрана предлагам Собранието на Република Македонија да ја донесе оваа одлука. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, за гласаа сите 63, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

**Минуваме на точка 20 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировната операција во Авганистан**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

За збор се јави господин Коњановски Зоран, министер за одбрана, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Како што и по претходната точка кажав во рамките на превземени обврски на Република Македонија кои се однесуваат за учество во мировната операција мисија Исав предводена од НАТО во Авганистан согледана е потребата Армијата на Република Македонија во состав на Чешкиот контигент во период од 6 месеци сметано од август-септамври 2008 година да испрати соодветна единица медицински тим во состав од 4 припадници од постојниот состав на Армијата на Република Македонија, еден офицер, двајца подофицири и едно цивилно лице. Истата би претставувала составен дел од медицинскиот тим на земјите од Јадранската група, Република Албанија, Република Хрватска и Република Македонија потписнички на Јадранската повелба.

Молам Собранието да ја донесе оваа одлука. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени од предлагачот и пратениците за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласањме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, за гласаа сите 62, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировната операција во Авганистан.

**Минуваме на точка 21 - Предлог на одлука за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Пратеникот Оливер Шамбевски поднесе амандман на член 8 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од пратеникот Оливер Шамбевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Елизабета Канческа-Милевска, министер за култура, повелете.

**Елизабета Камческа-Милевска:** Се прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Има збор госпоѓа Матеска Цена, повелете.

**Матеска Цена:** Благодарам.

Почитува претседателе, колеги пратеници,

Јас како пратеник од Крушево ја давам својата подршка по предог одлуката на Владата на Република Македонија за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески, поп ѕвездата од Крушево кој со својата работа, музиката и песната беше најдобриот музички репрезент на нашата држава во Европа и светот.

Поздравувајќи ја оваа иницијатива на Владата на Република Македонија за изградба на овој меморијален споменик со кој се оддава почит на ликот и делото на Тодор Проески, во едно ја упатувам својата благодараност.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево.

**Минуваме на точка 22 - Предлог на закон за ратификација на Препораката на Советот за царинска соработка во врска со измените на Конвенцијата со која се основа Советот за царинска соработка**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Има збор господин Антонио Милошоски, министер за надворешни работи, повелете.

**Антонио Милошоски:** Почитуван претседателе, ценети пратеници,

Само накратко со прифаќањето на оваа препорака ќе се измени Конвенцијата за формирање на Советот за царинска соработка каде што Македонија е член и таа истата ќе стане дел од нашиот правен систем. Затоа однапред се заблагодарувам доколку Собранието ја подржи ратификацијата на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Препораката на Советот за царинска соработка во врска со измените на Конвенцијата со која се основа Советот за царинска соработка.

**Минуваме на точка 23 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Има збор господин Антонио Милошоски, министер за надворешни работи.

Повелете, министре.

**Антонио Милошоски:** Почитуван претседателе, ценети пратеници,

Во однос на измените Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за надворешни работи би сакал да истакнам само неколку работи кои се најважни, пред се се врши допрецизирање на надлежностите во овој Закон и на функциите кои ја определуваат дејноста во надворешната политика и го прават дејствувањето на Министерството за надворешни работи и на сите други институции поефикасно.

Со членот 6 прецизно се определуваат звањата на шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва со дополнителни измени се доопределуваат надлежностите, функциите и дејностите на секој наш претставник и шеф на дипломатско-конзуларно претставништво, вклучувајќи ја и економската дипломатија што е приоритет на нашата држава.

Во членот 8 измената се прави поради потребата од прилагодување на бројот на професионални дипломати кои ќе бидат ангажирани како амбасадори на Република Македонија во странство, затоа што тоа соодветствува со капацитетот на Министерството за надворешни работи да испраќа, но и да прима назад во своите работни места лица кои ја вршеле оваа одговорна и висока функција.

На крајот, само би истакнал уште два поважни членови со кои се дополнува законот, а тоа е членот 11, каде што дополнувањето со нов став е во насока на елиминирање на можноста одредени амбасади на Република Македонија да останат со упразнети амасадорски места во околности кога не можат да се пополнат и се предвидува по исклучок на амбасадорите да може да им се продолжи мандатот.

Однапред ви благодарам за вниманието и очекувам Парламентот да го подржи овој Предлог закон за измени.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи.

Тука ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа во 17,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 17,08 минути)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 24 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за евиденциите во областа на трудот.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Целта на законот е да се изврши усогласување со измените на Законот за работните односи, Законот за вработување и осигурувањето во случај на невработеност и да се овозможи имплементација на проектот за електронски систем за пријава и одјава од работен однос.

Исто така, со законот се врши усогласување и со Законот за прекршоци и негово успешно имплементирање во практиката.

Од тие причини, ги молам пратениците на Собранието да го усвојат овој закон.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници. Сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Молам службите да утврдат точем број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници, гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за евиденциите во областа на трудот.

**Минуваме на точка 25 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе, значи, со Предлог законот се врши измена, заради усогласување со проектот за воспоставување на новиот електронски систем за објавување и одјавување на работници.

Со измената и дополнувањата на Законот се вршат промени во делот на Законот, кој се однесува на казнените одредби. Значи, наместо казнени одредби, согласно новиот Закон за прекршоци, се утврдуваат прекршочни одредби.

Значи, целта на овој закон е да се изврши усогласување со постојниот Закон за прекршоци и успешно имплементирање во практиката.

Од тие причини, ги замолувам пратениците на Собранието да го изгласаат овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници. Сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработенсот.

**Минуваме на точката 26 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремено вработување.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе,

Со измени и дополнувања на Законот, се вршат промени во делот на Законот, кој се однесува на казнените одредби, согласно новиот Закон за прекршоци.

Сега, наместо казнани одредби се утврдуваат прекршочни одредби.

Значи, целта на овој Закон е да се изврши усогласување со постојниот Закон со Законот за прекршоци и негово успешно имплементирање во практиката.

Од тие причини ги замолувам пратениците во Собранието да го изгласаат овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи и иисцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлгот на законот е завршен.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници. Сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања.

**Минуваме на точката 27 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата на пензиското и инвалидското осигурување.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе,

Предложените измени и дополнувања, имаат за цел создавање на правна основа за имплементација на електронскиот систем за пријавување и одјавување на осигурениците.

Овој нов систем ќе овозможи олеснување и модернизирање на целокупната постапка на пријавување и одјавување што е во согласност со процесот на регулаторна гилотиња.

Со цел за ефикасност во постапката за утврдување податоци во матичната евиденција, се предлага скратување на роковите во постапката за донесување решение за податоци утврдени во матичната евиденција и скратување на роковите за вршење исправка на податоците утврдени во матичната евиденција.

Исто така, со овие измени се врши усогласување со Законот за матична евиденција на осигурениците и корисниците на правата од пензиско и инвалидско осигурување со новиот Закон за прекршоци, што значи и овој Закон е за усогласување со новиот Закон за прекршоци и успешно имплементирање во практиката.

Од тие причини ги замолувам пратениците во Собранието да го изгласаат и овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. Сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

**Минуваме на точката 28 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад**.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Неџати Јакупи:** Благодарам претседателе,

Донесувањето н а Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, има за цел да придонесе кон намалување на состојбата што постои во Република Македонија поврзана со нелегалната трговија со отпад од метални производи.

Од оваа причина Министерството за животна средина и просторно планирање, пристапи кон измена и дополнување на Законот за управување со отпад, со кој се воведува посебна глава 12-а, кривични дела при трговија со отпад.

Во оваа глава се воведуваат две кривични дела со кои ќе се делува дестимулативно во вршењето на ваква битна трговија.

Имено, се воведува кривично дело, вршење на недозволена трговија со неопасен отпад, во кое е предвидено казна затвор од 3 до 5 години и кривично дело вршење на откуп на производи и материјали, што се во општа употреба, за кое е предвидено казна затвор од 3 до 10 години. Во вршењето на овие кривични дела е вклучена организирана група, составена повеќе од три лица. Најмалата казна затвор што може да биде определена од судот изнесува 4 години.

Владата на Република Македонија смета дека со воведувањето на овие кривични дела ќе се намали нелегалната трговија со отпад и истовремено ќе се намалат кражбите на материјални производи што се во општа употреба.

Затоа, ги поканувам пратениците да го подржат донесувањето на овој Предлог закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници. Сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад.

**Минуваме на точка 29 - Предлог на закон за изменување на Законот за даноците на имот.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 по Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. Овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните

пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Има збор министерот за финансии, господин Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници,

Законот за даноци на имот го уредува одданочувањето на прометот на недвижности, кој настанува со поднесување на даночна пријава до општинската администрација, до администрацијата на градот Скопје и до општините во градот Скопје каде што се наоѓа имотот. Од страна на обврзникот на данокот кој може да биде продавачот или купувачот на недвижниот имот зависно од нивниот договорен однос.

Градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје, носат решение за висината на данокот на промет на недвижности најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на даночната пријава, и на даночниот обврзник, односно на купувачот на недвижноста му доставуваат решение за утврдениот данок. Данокот на промет на недвижности, даночниот обврзник е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решение за утврдена даночна обврска. И со доказот на платен данок се врши преносот на правото на сопственост на невижности во катастарските и другите јавни книги.

Потребата од итно неодложно донесување на овој закон е со цел да се изврши скратување на рокот од 30 на 15 дена за донесување на решение за оданочување на данок на промет за недвижности, со што ќе им се овозможи на граѓаните и правните лица, учесници во тој платен промет, поедноставно и побрзо да ги регистрираат сопственичките права, врз основа на пренос на правото на сопственост во катастарските и други јавни книги во пократок временски период. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. Сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

**Трајко Вељаноски:** На седницата присуствуваат 13 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 13 пратеници, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за даноците за имот.

**Минуваме на точка 30 - Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по Финансисиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам пртерес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави и има збор господин Трајко Славески, министер за финансии.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Владата предлга овој закон да се измени зради следново:

Согласно член 3 став 2 од Законот за задолжување и став 4 од преамбулата на Договорот за заем за администрирање на АПЕКС глобалниот заем е надлежна Народната банка на Република Македонија. Станува збор за заем што со соодветен закон донесен од македонскиот Парламент во 2002 година, станал оперативен за намените што се посочени во самиот назив за заемот. Имено, за подршка на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа.

Администрирањето на заемот оди преку Народна банка, а дистрибуцијата на кредитите се врши преку деловните банки.

Целокупниот износ на заемот, 20 милиони евра е повелчен, но затоа што станува збор за револвинг фонд, каде се останати одреден износ на средства, Владата предлага администрирањето во иднина да се префрли во Министерството за финансии, а средствата од 7,4 милиони евра да влезат во Фондот за кредитирање на земјоделството.

Оваа активност од страна на Министерството за финансии е во насока на обезбедување

дополнителни средства за кредитирање на земјоделието преку земјоделскиот кредитен дисконтен фонд. Сакам да подвлечам дека ова е еден од приоритетите на Владата на Република Македонија и е дел од Програмата на Владата на Република Македонија во периодот 2006-2010, односно сега 2008-2012 година.

Дополнително, како резултат на сите мерки што се преземени од страна на Министерство за финансии од аспект на подобрување на кредитените услови, достапноста и се поголемата побарувачка на пазарот, се мисли на земјоделските кредити, расположливиот фонд на земјоделскиот кредитен дисконтен фонд се очекува во многу краток рок целосно да се апсорбира доколку се задржи постојната динамика на реализација на средствата. Односно, можеше да се соочиме со недостиг на средства во период од еден месец.

Вкупните ликвидни средства за новите пласмани на 15.07. 2008 година изнесуваат 1,8 милиони евра, додека наредниот прилив на средства од отплата на претходни пласмани е на 15.10.2008 година.

Динамиката на пласирање на средствата во изминатите 6 месеци изнесува во просек 1,2 милиони евра одобрано финансирање на месечно ниво. Во текот на овој и во наредниот месец е сезона на откуп на земјоделски производи, поради што голем број на преработувачки капацитети аплицираат за кредитити за обртни средства на максималните дефинирани кредитни лимити од 200 илјади евра. Само да напомнам дека во претходниот месец, во текот на една седмица земјоделскиот кредитен дисконтен фонд одобрил рефинансирање на 35 кредити во износ од милион и 4.893 евра.

Со префрлање на администрирањето на овие средства земјоделскиот кредитен дисконтен фонд ќе обезбеди средства во износ од 20 милиони евра, од кои 7,4 милиони евра се во моментов на располагање. Се очекува преку овие средства да се кредитира земјоделското производство по многу поволни финансиски услови што вклучуваат субвенционирана каматна стапка. Имено, станува збор за каматни стапки од 4% за примерно земјоделско производство и 5% за преработувачката индустрија.

Со цел за финасирање на оваа субвенционирана каматна стапка се предвидени средства во износ од 79 милиони денари буџетско учество за периодот 2008-2010 година. Дополнително, фунционирањето на земјоделскиот кредитен дисконтен фонд има за цел создавање на квалитетна основа за абсорбција на претпристапните фондови на Европската унија наменети за ИПАРТ програмата.

Почитувани,

Законот е едноставен. Станува збор за замена на зборивите “Народна банка на Република Македонија “ со “ Министерство за финансии” зарди сето што претходно наведов.

За ова е согласна, секако и Народна банка на Република Македонија .

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам министре.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по Финансисиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра.

**Минуваме на точката 31- Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности наменети за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија за 2008 година.**

Предлогот на одлуктата ви е доставен.

Отворам претрес по текстот наПредлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачите и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлкуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности наменети за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија за 2008 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека Седумнаесттата седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

Колеги пратеници,

За утрешниот ден дали и која седница ќе се одржи, ќе бидете известени преку СМС. Благодарам.

(Седницата со работа заврши во 17,37 часот)